THE EUROPEAN WERGELAND CENTRE

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Norwegian Ministry of Foreign Affairs

Експерти за учење во практика.

Прирачник за ментори на студенти-наставници

Подготовка на идните наставници од Западен Балкан:
Образование за демократија и човекови права
2019 – 2021

Ролф Голоб

Agjencia e Sigurimit të Cilësisë së Arsimit Parauniversitar
Ministria e Arsimit, Sportit dhe Rinisë
Fondacija Obrazovanje za akciju
Foundation Education Action
KEC
Qendra për Arsim e Kosovës
Kosova Education Center
PH ZH
PÄDAGOGISCHE HOCHSCHULE ZÜRICH
Bureau for Education Services
Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës – Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education
ЗАВОД ЗА УНАПРЕЂИВАЊЕ ОБРАЗОВАЊА И ВАСПИТАЊА

„Пробувајте нови работи. Без страв. Излезете надвор од зоната на комфорот и полетајте, договорено?“
–Мишел Обама

„Не можам да бидам наставник без да се разоткријам и покажам кој сум“
–Пауло Фреире

Овој прирачник е дел од проектот
Подготовка на идните наставници од Западен Балкан:
Образование за демократија и човекови права 2019 – 2021.
Проектот им помага на наставниците во нивните улоги како ментори во училиштата кои се партнерина факултетите за образование и обука на наставници, во коишто студентите-наставници одржуваат практична настава.

Автор: Ролф Голоб, Катедра за меѓународни проекти во образованието - Циришки Универзитет за образование на наставници (Катедра за меѓународни проекти во образованието – Швајцарија), www.phzh.ch/ipe, rolf.gollob@phzh.ch

Фокус-група: Сања Благданиќ, Мелиса Фориќ, Мајлинда Ѓелај, Драгана Јовановиќ, Душанка Поповиќ, Маја Рауник-Кирков, Елда Тартари.

Координациската група: Астрит Даутај, Љубица Бајо Бехмен, Петрит Тахири, Бојка Ѓукановиќ, Видосава Кашчелан, Иванка Мијиќ и Златко Грушановиќ.

Издавач: Европски центар Вергеланд во соработка Катедра за меѓународни проекти во образованието - Циришки Универзитет за образование на наставници

Осло и Цирих, септември 2020

Верзија, септември 2020

Ресурси:
Живеење во демократија книги I – VI: www.living-democracy.com
RFCDC: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806ccc07
Подучување на контроверзни теми: https://rm.coe.int/16806948b6

Превод од англиски Бисера Анастасова

Предговор

Оваа публикација произлезе како резултат од проектот „Подготовка на идните наставници од Западен Балкан: Образование за демократија и човекови права 2019 – 2021, предводен од Европскиот центар Вергеланд. Финансиран од Министерството за надворешни работи на Норвешка, проектот овозможува поддршка за високообразовните институции и универзитети во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*[1], Црна Гора, Северна Македонија и Србија, коишто се заинтересирани за осовременување на студиските програми за наставници со цел да се подобри квалитетот на образованието на идните наставници во регионот.[2]

Една од клучните цели е зајакнување на почетната обука на наставници ставајќи акцент на подучувањето насочено кон практика што промовира граѓанство, демократија и човекови права. Исклучително е важно почетната обука на наставници да содржи практични елементи бидејќи теоретското образование само по себе не е доволно за да ги подготви наставниците да им излезат во пресрет на барањата на оваа професија.

Истражувањата покажуваат дека образованието на наставници во земјите од Западен Балкан сè уште ја нагласува теоријата над стекнувањето практични вештини за подучување[3]. Постои постојан јаз меѓу теоријата и практиката во образованието на наставници, делумно предизвикан од ограничувањата во традицијата на склучување партнерства меѓу институциите за образование на наставници и училиштата. Проектот има за цел да се занимава со овие прашања, создавајќи цврста регионална мрежа на институции и универзитети за образование на наставници заедно со училиштата каде што се одвива практиката. Искусните наставници, во улога на ментори, ќе соработуваат со универзитетските професори со цел да ги поддржат студентите-наставници, давајќи им можност да ги испробаат и подобрат своите наставнички компетенции во училница.
Постои огромна потреба за висококвалитетни материјали за поддршка на просветните работници – училишните ментори во училиштата каде што се изведува практиката – за тие да можат соодветно да работат со студентите-наставници и на тој начин да ги зајакнат нивните компетенции.

Изразуваме особена благодарност до авторот на овој прирачник, проф. д-р Ролф Голоб, кој доаѓа од нашиот клучен партнер во проектот, Циришкиот Универзитет за образование на наставници/Катедра за меѓународни проекти во образованието. Неговата интензивна работа на овој прирачник, неговиот ентузијазам и порив да се заврши оваа публикација се непроценливи. Исто така сакаме да ѝ се заблагодариме на неговата колешка, д-р Ирис Хензелер Штирлин, за придонесот кон нацрт-верзијата на прирачникот со нејзиното искуство во областа на инструирањето со фокус на содржината (ИФС), како и за нејзините вредни повратни коментари.

Многу сме горди на блиската соработка со универзитетските професори од Западен Балкан во текот на изработката на ***„Експерти за учење во практика – прирачник за ментори на студенти-наставници“.*** Сакаме да изразиме длабока благодарност до сите членови на регионалната фокус-група и до нивните институции кои придонесоа со повратни коментари и со пружање постојана поддршка за да се создаде овој прирачник: проф. Сања Благданиќ, Универзитет во Белград; вон. проф. Мелиса Фориќ, Универзитет во Сараево; проф. Мајлинда Ѓелај, Универзитет во Приштина; проф. Драгана Јовановиќ, Универзитет во Ниш; проф. Душанка Поповиќ, Универзитет на Црна Гора; проф. Маја Рауник-Кирков, Универзитет во Скопје и проф. Елда Тартари, Универзитет во Драч.

Посебна благодарност до нашите експерти од координациската група кои придонесоа кон проектот со нивното знаење и искуство од областа на образованието и нивните непроценливи сознанија од регионот: Астрит Даутај (Албанија), Љубица Бајо Бехмен (Босна и Хецеговина), Петрит Тахири (Косово*[4]), Бојка Ѓукановиќ (Црна Гора), Видосава Кашчелан (Црна Гора), Иванка Мијиќ (Северна Македонија) и Златко Грушановиќ (Србија).

Благодарност и до нашите драги колешки Бојана Дујковиќ-Благојевиќ и Џени Холк-Клаусен од Европскиот центар Вергеланд за нивните заложби.

Се надеваме дека со иновативниот пристап „***Експерти за учење во практика. Прирачник за ментори на студенти-наставници“*** ќе придонесе за поддршка на менторството на студентите-наставници, не само во Западен Балкан, туку и во Европа и пошироко.

Ана Перона-Фјелста
Извршен директор
Европски центар Вергеланд

---

*1 *Сите упатувања на Косово во текстот, независно дали се однесуваат на територијата, на населението или на одредена институција, се толкуваат во целосна усогласеност со Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244 и не го доведуваат во прашање статусот на Косово.*
2 Како ресурси во рамките на проектот се користени најновите материјали од областа на образованието за граѓанство и човекови права изработени од Советот на Европа и Циришкиот Универзитет. Примери за овие материјали се: Живеење во демократија книги I – VI: www.living-democracy.com , Референтна рамка на компетенции за демократска култура (РРКДК): https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearch Services/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806ccc07 и Подучување на контроверзни теми: https://rm.coe.int/16806948b6
3 (Образование и обука на наставници во Западен Балкан, Завршен обединет извештај, уреден од Хелене Скикос, Европска комисија, 2013)
*4 *Сите упатувања на Косово во текстот, независно дали се однесуваат на територијата, на населението или на одредена институција, се толкуваат во целосна усогласеност со Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244 и не го доведуваат во прашање статусот на Косово.*

Содржина

I. Менторот и студентот-наставник 4

1. Улогата на менторот е клучен фактор за успехот на почетната обука на наставници 4
2. Зошто менторскиот систем ги поддржува сите вклучени чинители 5
3. Квалификации на менторот 6
4. Квалификации на студентот-наставник 6

II. Набљудување и повратен одговор 7

1. Набљудување и давање повратен одговор: За што би требало да размислува менторот 7
2. Менторот подучува, студентот-наставник набљудува: 8
3. Студентот-наставник подучува, менторот набљудува 9
4. Образец за подготовка и набљудување на подучувањето 10
5. За студентите-наставници: Што научив од повратните информации. 12
6. Инструирање со фокус на содржината (ИФС): Моќна професионална поддршка 13

III. Педагогија и методологија 15

1. Поддршка на студентот-наставник со основни професионални прашања 15
   - А. Услови за подучување и учење 16
   - Б. Поставување цели и избирање материјали 16
   - В. Водење на процесите на учење и избирање форми на подучување 18
   - Г. Оценување 18
2. Вклучувајќи ги сите ученици: Четири клучни методи: 20
   - Клучен метод 1: Учење засновано на задачи (УЗЗ) 21
   - Клучен метод 2: Кооперативно учење 22
   - Клучен метод 3: Одржување пленарни сесии 23
   - Клучен метод 4: Реобмислување на дисциплината од демократска гледна точка 25
   - Клучен метод 5: Блумова таксономија - Активно учење за сите! 26

IV. Култура на демократија во училницата 27

1. Што претставуваат компетенциите за демократска култура? 27
2. Потреба за дескриптори на компетентност 28
   - 2.1 Вредности 29
   - 2.2 Ставови 29
   - 2.3 Вештини 31
   - 2.4 Знаење и критичко разбирање 32
3. Како да се набљудува демократската култура во одделението преку компетенции и соодветни дескриптори 34
4. Мои лични белешки: 35
5. Постер за откривање на компетенциите за демократска култура 36

Вовед: Менторите се клучен фактор за успех

„Подготовка на идните наставници од Западен Балкан“ е проект чијашто цел е зајакнување на почетната обука на наставници во образованието за демократија. Меѓутоа, почетната обука мора да содржи повеќе практични елементи. Ова потреба е на глобално ниво бидејќи е јасно дека теоретската обука сама по себе не е доволна за да ги подготви наставниците за барањата на професијата.
Во овој проект е исклучително важно сите универзитети кои учествуваат да соработуваат со училиштата и да им се даде можност на студентите-наставници да ги испробаат и подобрат своите вештини како наставници во училишни одделенија.

Суштински фактор за успешна практична обука се искусните наставници кои како ментори им пружаат поддршка на практикантите.

Менторите се искусни наставници кои се подготвени да рефлектираат за нивната улога и тоа не само за да бидат ефикасни наставници, туку и поддржувачи на студентите-наставници, и да останат ученици во текот на целиот (професионален) живот. Овој прирачник има за цел да ја разјасни улогата на менторот и да ги поддржи менторите во нивната задача. Менторите, според нас, се партнери на универзитетските професори. На универзитет или факултет, студентот-наставник добива дополнително содржинско знаење или основни информации за новите развои во педагогијата, методологијата, како и за развојот на материјали за подучување и учење. Во училница и со поддршка од менторите, студентите-наставници не само што го набљудуваат процесот на подучување и учење на терен, туку добиваат можност да го предадат, применат и практикуваат тоа што го научиле и набљудувале. Методот на инструирање со фокус на содржината (ИФС), којшто е претставен тука, ги покажува начините на кои планирањето, набљудувањето и повратниот одговор од менторот станува суштински елемент за професионалниот развој на идниот наставник.
Исто така, менторите ги покажуваат начините на кои нивната училница станува микроопштество. Училницата не само што е место во кое учениците учат за животот, туку е и место каде што животот се разоткрива! Таа е место во кое може да се негува таканаречената „култура на демократија“. Ако не постои основна атмосфера на применета демократија преку која се насочуваат практиките за учење на училиште, учениците што ќе го завршат школувањето нема да заминат како идни демократски граѓани. Токму тоа е и целта на јавното школство во една демократска земја. На овој начин, менторите заедно со универзитетските професори, ги поддржуваат студентите-наставници да ја спознаат својата професија и улога во општеството.

Основниот елемент на развојот на квалитет во почетната обука на наставници е: студентот-наставник, менторот и универзитетскиот професор формираат триаголник на учење.



Студентите-наставници, менторите и универзитетските професори во триаголник на учење.

- Студентот-наставник е задолжен да ги поврзе теоријата и практиката.
- Универзитетскиот професор обезбедува основно знаење за содржината и методологијата.
- Менторот му дава простор на студентот-наставник да го научи и спроведе процесот на подучување и го покажува тоа практично во училница преку пример. Затоа, менторот го нарекуваме „експерт за учење во практика“.

На наставниците кои се одлучуваат да бидат ментори им посакуваме прекрасно патување низ богатствата на нивната професија и се надеваме дека менторите ќе уживаат во нивната нова уло га како експерти за учење во практика и како (клучни) пријатели на нивните помлади колеги/студенти-наставници.

I. Менторот и студентот-наставник

1. Улогата на менторот е клучен фактор за успехот на почетната обука на наставници

Денес, наставникот треба да ги познава учениците, како тие учат и се развиваат во социјален контекст. Пред сè, наставникот треба исклучително добро да ги познава вештините кои се потребни за ефективно подучување. Тоа опфаќа педагошко знаење, знаење за тоа како да се подучува на различни ученици и знаење за тоа како да се управува со продуктивна училница. Тоа има последици за траекторијата на учење на студентот-наставник: подготовка на часови, соочување со управување со училницата и дисциплина, интегрирање на учениците со посебни потреби, користење технологија, прилагодување на наставните програми според ученикот се само неколку од работите коишто студентите-наставници треба да ги научат. Многу од овие задачи се тешки дури и за најискусните професионалци, па така човек се запрашува како студентите-наставници преживуваат справувајќи се со деца во училница за кои треба да преземат одговорност, кога и самите тие се ученици.

Токму затоа искусниот наставник треба да му помогне на студентот-наставник. Тој или таа треба да бидат клучен пријател, со други зборови, ментор.

Менторството е процес на негување, во кој повешто лице, служи како пример, подучува, охрабрува, советува и се дружи со помалку вешто или помалку искусно лице со цел да го унапреди неговиот професионален развој. Должностите на менторството се спроведуваат во рамките на контекстот на постојан, грижлив однос помеѓу менторот и студентот-наставник.

Клучни елементи на успешно менторство:

1. Менторството е централна карактеристика на успешен процес на учење.
2. И менторот и студентот-наставник имаат придобивки од менторското искуство.
3. Сепак, не мора да значи дека добрите наставници се и добри ментори. За работа со возрасни ученици е потребен различен збир на вештини.
4. Менторите треба да бидат во можност да волонтираат или да кажат, „не, не годинава".
5. За да се стане добар ментор потребно е време.
6. Менторите се најпрво наставници-експерти, па ментори-почетници, за на крај да станат ментори-експерти.

   а) Наставникот-експерт има долгогодишно искуство и е посветен на своето доживотно учење како рефлективен стручњак.
   б) Започнувањето со менторство значи промена на улогата. Менторот почетник знае:„Мора да учам многу, ме набљудува студентот-наставник кој исто така е возрасен."
   в) Менторите се гледаат себеси како партнери на универзитетите и студентите-наставници.

2. Зошто менторскиот систем ги поддржува сите вклучени чинители

а) Менторскиот систем го поддржува **студентот-наставник**
- Пристап до знаење, искуство и поддршка на наставникот-ментор
- Подобрена лична и професионална благосостојба како последица на намален стрес за време на транзицијата
- Зголемен успех во работата, самодоверба и самопочит
- Намалено учење по пат на обиди и грешки и забрзан професионален развој
- Поддршка за успешно воведување во наставничката кариера

б) Менторскиот систем го поддржува **менторот**
- Можност да се рефлектира за сопственото наставничко искуство
- Зголемен учинок во учењето, обновувањето на знаењето и подучувањето
- Признание за одличен наставник доделено преку улогата на ментор
- Рефокус на практиките за инструкции и развој на вештини за рефлексија
- Можност да се биде во служба на професијата
- Благодарност од студентот-наставник
- Можност да се создаде мрежа на наставници за унапредување на предметот и неговата содржина

в) Менторскиот систем ги поддржува **учениците** на студентот-наставник
- Тие ќе имаат млад наставник кој се фокусира на потребите на учениците, а не на сопственото преживување
- Тие ќе имаат подобри наставници кои се помалку авторитативни и доминантни, а повеќе рефлектираат и се посветени на свесно подобрување
- Тие ќе имаат подобри наставници чијашто самодоверба ги наведува да користат широк опсег на инструкциски стратегии и активности

г) Менторскиот систем ја поддржува **професијата**
- Воспоставување на професионални норми на отвореност и волја да се научи од другите
- Постојан развој на нови идеи и инструкциски практики, непрекинато подобрување, соработка, колегијалност, преземање ризици и експериментирање
- Блиска соработка помеѓу универзитетите и училишната практика
- Задржување на најдобрите, најкреативните наставници на работното место на подолг период
- Задржување на искусните наставници во професијата нудејќи им нов предизвик и можност за растеж како ментори

д) Менторскиот систем им пружа поддршка на **универзитетите/факултетите**
- На теоретското образование на универзитетите му се потребни училишта како партнери
- Професијата може да се научи единствено преку комбинација на теорија и практика
- Професорите се поблиску запознаени со сегашната состојба во училиштата поради соработката со нив
- Студентите, училиштата, родителите и општеството како целина имаат придобивка од успехот на училиштето благодарение на поефективната почетна обука за наставници.

3. Квалификации на менторот

Менторите го имаат клучот за успешен кариерен развој. Веројатно највредните особини на наставниците-ментори се нивното знаење и ресурси, доверливиот однос кој го градат со студентите-наставници, разновидните искуства на коишто можат да се потпрат и можностите што можат да ги понудат:

а) Менторите се способни да стимулираат и структурираат процеси на учење во текот на практична обука.
б) Менторите имаат различни концепти на добро подучување и можат да ги применат во практика.
в) Менторите не само што имаат компетенција да дејствуваат туку и се запознаени со теоретската позадина и со современите педагошки истражувања.
г) Менторите се способни да им дадат на студентите-наставници теоретско знаење во практичен контекст на дејствување и со тоа прават знаењето да е видливо.
д) На менторите им е потребно време за нивната важна задача.

Ако студентите-наставници се обучуваат како експерти преку практика, учењето за тоа како да се работи професијата нема да се одвива само преку теоретски лекции. Сите елементи на практична настава може да се трансформираат од поле на примена и искуство во место на независно учење. Тоа на училиштата им придава важна улога во однос на професионалниот развој на наставниците.

4. Квалификации на студентот-наставник

Улогата на студентот-наставник е сложена. Како наставник во развој, студентот наставник е само делумно квалификуван и има многу потреби за понатамошен развој.
Разликата помеѓу студентот-наставник и менторот е во репертоарот на подучување и стратегиите на управување што ги поседува искусниот наставник. Сепак, секој студент-наставник веќе има поминато многу години во училница набљудувајќи десетици наставници. Затоа студентот-наставник не може да се смета за целосен почетник. Тој или таа веќе поседуваат свесни или несвесни вештини за подучување. Како што улогата на менторот се темели на заедничко разбирање, улогата на студентот наставник се темели на одредени клучни принципи.

Главно, студентите-наставници:

- сè уште имаат многу да научат за тоа како да го стават нивното знаење во функција
- треба добро да го подготват предавањето
- треба да бидат подготвени да го прифатат и спроведат повратниот одговор од нивниот ментор
- со тек на време да развијат свои стилови на подучување
- Да поминат низ различни фази на развој од:
  - преживување од ден на ден
  - до грижа за управувачките одговорности
  - до грижа за влијанието на нивното подучување
  - до поставување прашања за нивната професија

II. Набљудување и повратен одговор

1. Набљудување и давање повратен одговор: За што би требало да размислува менторот

Набљудувањето и давањето повратен одговор се најважните работи на менторот. Идниот наставник ќе научи најмногу од рефлективна практика. Оттука, студентот-наставник треба да добие што повеќе можности да подучува. Набљудувајте го внимателно фаќајќи белешки (подобро да се помалку, но да се добро набљудувани и засновани на докази). А потоа, одвојте многу време за повратниот одговор. Ова се три начини да извлечете максимум од времето кое го поминувате набљудувајќи го младиот (иден) колега:

а) Подгответе се

Многу од она што значи одлично набљудување се одвива уште пред да зачекорите во вашата училница во улога на набљудувач. Познавајте ја структурата врз основа на која се темели вашата евалуација и јасно пренесете му ја на студентот-наставник. Бидете сигурни дека знаете што студентот-наставник сака да научи, што тој или таа очекува од вас (види образец за набљудување). Бидете јасни за тоа што вие очекувате да видите во училницата и за тоа што ќе оценувате. Толкувајте го тоа што го гледате правично и погрижете се вашите коментари да даваат поддршка, а не да повредуваат.

Училницата е микроопштество во кое може да се живее култура на демократија. Кога одредени рутини на слушање, соработка и меѓусебна поддршка не успеваат пред студентот-наставник, тоа може да се случува и затоа што не сте ги обучиле вашите ученици за тоа.

б) Барајте учење, а не подучување

Наместо да го набљудувате студентот-наставник како предава лекција, започнете со идејата дека набљудувате учење. Обидете се да го задржите ова како ваш акцент со тоа што ќе барате доказ дека сите ученици во училницата учат. Три клучни прашања го водат вашето набљудување, белешки и повратен одговор:

- Дали учениците се ангажирани? Ако не се, колку долго им треба да се вратат на задачата?
- Дали студентот-наставник им објаснува јасно на учениците за тоа што треба да научат?
- Учество во училница. Многу посложено е да се натераат учениците да одговорат на прашања, отколку да се повика оној кој прв ќе крене рака. Проверете дали студентот-наставник повикува различни ученици и дава доволно време дозволувајќи да се јават повеќе ученици, итн.

в) Веднаш дадете повратен одговор

Разјаснете му на студентот-наставник што ќе набљудувате и повторно: фаќајте детални белешки, дадете позитивен коментар веднаш по часот (говорат и вашето тело и лице), ако е можно седнете заедно уште истиот ден (особено ако е еднодневна практика) и бидете свесни дека вашиот повратен одговор ќе биде едно од најмоќните средства за развој на студентот-наставник. Користењето на пристапот на инструирање со фокус на содржината (види подолу), може да биде многу силен начин да се пружи поддршка давајќи повратен одговор.

2. Менторот подучува, студентот-наставник набљудува:

Кога менторот му покажува на студентот-наставник како се одвиваат часовите се користи и методот на набљудување на работата и рефлексија заснована на податоци. Тука студентот го набљудува наставникот и дава повратен одговор за квалитетот. На почетокот ова може да биде малку изненадувачки за наставникот/менторот. Но, да разјасниме: ако ова не се случува, никогаш нема да постои атмосфера на доверба помеѓу студентот-наставник и неговиот/нејзиниот ментор. Четирите чекори коишто треба да се земат предвид се:

Чекор 1. Зададете задача за набљудување:

Менторот го информира студентот за фокусот на неговата/нејзината демонстрација. Тој/таа исто така советува за можноста да се фаќаат белешки (на пр. за постапките во текот на активноста на учениците, времетраењето на задачите за подучување и учење, поддршка за формативно оценување за време на учењето, итн.). Преку задачата за набљудување менторот го насочува вниманието на студентот на аспекти кои се важни за него.

Чекор 2. Студентот-наставник набљудува и запишува според фокусот на задачата:

Студентот-наставник набљудува и запишува според договорените задачи за набљудување без да оценува. Белешките се конвертираат во јасно читлива форма веднаш по набљудувањето на часот. Податоците треба да осигураат дека студентот-наставник детално ги набљудува и избира вистинските настани, дозволувајќи евалуација за тоа што се случило на час.

Чекор 3. Менторот и студентот-наставник рефлектираат за часот, користејќи ги податоците:

Студентот-наставник го предава неговиот/нејзиниот образец за набљудување на менторот. Менторот дава коментар за собраните податоци и неговите/нејзините искуства. Тој/таа ги произнесува причините за неговиот/нејзиниот пристап и вклучува теоретско знаење којшто тој/таа го смета за клучно во однос на ситуацијата. Студентот има можност да поставува прашања и да ги искаже своите размислувања и чувства. На овој начин се развива комуникација што се фокусира на целите утврдени на почетокот (види чекор 1).

Чекор 4. Забележете ја рефлексијата во пишана форма (записник):

Веднаш по средбата, студентот-наставник ги запишува главните наоди. Правејќи го тоа, тој/таа се концентрира на следните прашања:
а) Што научив, открив или видов, а е ново за мене?
б) Со кои потешкотии би се соочил/а прилагодувајќи го она што го набљудував?
в) Што е тоа што би сакал/а да преземам, да испробам или да го направам на поинаков начин?

Во пишаната рефлексија практикантот ги споредува часовите на менторот со неговите/нејзините часови. Студентот-наставник ги проширува неговите/нејзините идеи и прави нови планови за дејствување.

3. Студентот-наставник подучува, менторот набљудува

Средината во која што студентот-наставник подучува, а менторот набљудува, е веројатно најмоќниот елемент за развој на подучувачките вештини на почетникот. Учењето низ практика е во ред и е важно, но не и доволно! Внимателната рефлексија заснована на докази и повратниот одговор од професионалниот наставник се неверојатно важни! Многу наставници ги паметат овие моменти во текот на целиот свој професионален живот. И самото одвојување време за тоа му помага на менторот да развие ново ниво на професионализам. Трите чекори што треба да се земат предвид се:

Чекор 1. Студентот-наставник дава предлог за набљудување:

Пред часот, студентот-наставник му дава на менторот фокус за набљудување што е соодветен за часот (на пр. „Дали ќе успеам да ги охрабрам учениците да земат активно учество? Како да одговорам на придонесот на учениците? Како да го распределам вниманието?). Задачата за набљудување осигурува дека менторот набљудува на целен начин и се фокусира на аспекти коишто моментално го засегаат студентот-наставник. Ако практикантот е несигурен за тоа што поточно сака да набљудува, менторот му помага со соодветни предлози.

Чекор 2. Менторот набљудува и запишува според фокусот на задачата:

Пред да ги набљудува часовите, наставникот зема предвид како договорениот фокус на набљудување може најдобро да се набљудува и запише (на пр. запишување на активностите на учениците, запишување на усните одговори, изработка на листови за евиденција, и сл.). За време на часот тој/таа фаќа белешки без да оценува. Белешките се конвертираат во читлива форма веднаш по набљудувањето на часот. Запишаните податоци треба да помогнат за оценување на тоа што се случило на часот.

Чекор 3. Студентот-наставник и менторот рефлектираат за часот користејќи ги податоците:

Образецот за набљудување служи како база за сесијата за размена на согледувања со студентот-наставник. Практикантот коментира за собраните податоци. Се развива дијалог во кој менторот му помага на студентот-наставник да произнесе мислење за часот. Целта на разговорот е студентот-наставник да стане рефлективен стручњак кој ги согледува и оценува резултатите на неговите/нејзините дејствија, станувајќи свесен за тоа што значи добро подучување и изнаоѓајќи начини да продолжи да се подобрува.

Чекор 4. Забележете ја рефлексијата во пишана форма (записник):

Веднаш по сесијата за размена на согледувања, студентот-наставник ги запишува главните наоди. Пишаната рефлексија треба да покрива две точки:
а) краток опис на часот и набљудувањата на менторот
б) последиците за идно дејствување

Ако се следат овие четири чекори, студентот-наставник ќе преземе одговорност за сопственото учење зашто се работи за неговата/нејзината иднина.

4. Образец за подготовка и набљудување на подучувањето

Набљудување на подучување од **o студент-наставник** **o ментор**
Датум и време: **Училиште и одделение:** **Предмет и тема:** **Име на ментор/име на студент-наставник:**
Договор: Што сакам да се набљудува? Што е во фокусот на набљудувањето?

Набљудување (собирање податоци за рефлексија)
• Опис на дејствијата/учењето на ученикот. • Опис на влезните информации на наставникот. • Опис на распределба на време/темпо. • Опис на формативно оценување. • Опис на интеракција помеѓу наставник и ученик, ученик и ученик. **Без оценување, само опис и собирање податоци.**
Теми што сакам да ги изнесам за време на дискусијата за повратни информации

5. За студентите-наставници: Што научив од повратните информации.

Датум и време: **Училиште и одделение:** **Предмет и тема:** **Име на ментор/име на студент-наставник:**
Добиени повратни информации
Идеи што избирам да ги интегрирам, зошто и како:

6. Инструирање со фокус на содржината (ИФС): Моќна професионална поддршка

Како ментор, еден од најважните аспекти на вашата работа е да го подучите практикантот. Во ова ќе ви помогне инструирањето со фокус на содржината (content-focused coaching) преку пристап во три чекори. Заедно со студентот-наставник најпрво гледате колку време имате на располагање и на кои елементи на моделот на ИФС сакате да се фокусирате. Моделот предлага а) да пружите поддршка при подготовката на часот, б) да го набљудувате, па дури и да земете учество на часот и в) да размените мислење заедно со студентот-наставник. Пред детално да го објасниме процесот на инструирање, тука се дадени дополнителни информации за овој метод што е проверен и спроведен на меѓународно ниво.

ИФС: дополнителни информации

Во почетната обука на наставници најважно е да се поттикне учењето помеѓу студентите-наставници, на начин на кој наставничката практика може оптимално да се прилагоди и постојано да се унапредува. Гледано од социјално конструктивистичка перспектива за процесите на учење и промена, успешна промена настанува ако ученикот умее да „пренесе" предлог, модел или нов увид во неговиот/нејзиниот личен репертоар на дејствување. Инструирањето со фокус на содржината го поддржува овој процес на прилагодување и учење меѓу студентите-наставници преку блиска поддршка од менторот во улога на обучувач. Во оваа улога, вие работите со студентот-наставник во циклуси на планирање, подучување и рефлексија. На овој начин помагате практикантот да го прошири педагошкото и содржинското знаење и да ја унапреди својата наставна практика. Целта на ИФС е непрекинат развој на репертоарот на компетенциите за дејствување на студентите-наставници во полето на практиката. Во кокреативна средина се работи заеднички и рамноправно на елементите на планирање, спроведување и рефлексија за механизмите за подучување и учење. Само доколку студентите-наставници ги разбираат и умеат независно да ги кокреираат (изградат) чекорите на учење, можат да прилагодат нов метод или пристап во нивниот репертоар на подучување. Во основа, ИФС мора да се гледа како соработка меѓу обучувачот и обучуваното лице и, како што е споменато погоре, важно е тие да се рамноправни еден на друг. Секако, менторот или обучувачот има многу поголемо искуство од студентот-наставник. Но, во оваа професија човек не може да биде 100% во право. Во терминологијата на ИФС овој однос се нарекува „соработка преку давање инструкции". Преку искуството од ИФС, идниот наставник искусува колку е плодоносно заеднички да се развиваат сите елементи на процесот на подучување и да се рефлектира за нив заедно со друг професионалец. На долга стаза, ИФС води кон колегијално обучување во училница, со други зборови, размена и поддршка помеѓу колегите во училиштата. Ова колегијално обучување во училница ги охрабрува наставниците да создадат ефективни средини за учење преку рефлексија и развој на нивниот репертоар. Вие како ментор играте клучна улога во овој процес за вашите млади колеги.

За дополнително проучување:

Becker, E. S., Waldis, M., & Staub, F. C. (2019). Advancing student teachers' learning in the teaching practicum through Content-Focused Coaching: A field experiment. Teaching and Teacher Education, 83, 12-26. doi:10.1016/j.tate.2019.03.007

Kreis, A. (2019). Content-Focused Peer Coaching – facilitating student learning in a collaborative way. In T. Janík, I. M. Dalehefte, & S. Zehetmeier (Eds.), Supporting teachers: improving instruction. Examples of research-based in-service teacher education (pp. 37-55). Münster: Waxmann Publishing House.

Инструирање со фокус на содржината: чекор по чекор

Чекор 1: Пред сесијата на инструирање

Пред почеток на сесијата, менторот и студентот ги договараат организациските прашања

- Кога и каде ќе се одржува инструирањето?
- Кога ќе се одржуваат часовите, брифингот и размената на согледувања?
- Колку време има на располагање за состаноците?

Чекор 2: Прелиминарна дискусија

1. Студентот-наставник и менторот избираат главни перспективи и водечки прашања како фокус на оваа сесија на инструирање. Следните две водечки прашања се секогаш присутни:
   - Што треба да научат учениците?
   - Дали лекцијата се фокусира на ученикот (концепт на лекцијата)?
2. Студентот-наставник ја презентира неговата/нејзината идеја и соодветните наставни материјали.
3. Менторот и студентот заеднички го подготвуваат крајниот план за наставниот час преку реален дијалог.
4. Се договараат дали лекцијата треба да ја предаваат заедно.

Чекор 3: Подучување и набљудување со заедничка одговорност

За менторот е важно да запомни дека за време на часовите студентот-наставник и учениците истовремено се вклучени во процесот на учење.

- Менторот подучува избрани наставни секвенци како модел.
- Студентот-наставник и менторот подучуваат заедно.
- Менторот учествува спонтано во часовите, на пример, во неколку презентации и дискусии за решенијата на учениците.
- Обучуваниот студент подучува сам, менторот набљудува и фаќа белешки.

Во секој случај, менторот набљудува и фаќа белешки за да ја подготви размената на согледувања. Главните точки на набљудување, како што е споменато погоре, се договорени однапред.

Чекор 4: Размена на согледувања

1. Студентот-наставник известува за тоа како мисли дека поминал часот во однос на избраните клучни прашања независно од тоа дали имало значајни отстапувања од планот или дали имало предизвикувачки или незадоволителни ситуации.
2. Менторот ја додава во образецот својата перспектива во однос на елементите за набљудување избрани во прелиминарната дискусија.
3. Размената на согледувања треба да се одвива како коконструктивен разговор во вид на дијалог, а не како два последователни монолози.

III. Педагогија и методологија

1. Поддршка на студентот-наставник со основни професионални прашања

Менторот му помага на студентот-наставник да размислува однапред за различните елементи на неговата/нејзината професија. На овој начин, студентот-наставник подготвува и оценува добро подучување и учење, но и ги спроведува на професионален начин компетенциите за демократска култура во училницата.

Следните четири елементи го поставуваат темелот за добро подучување и учење. Да се охрабри студентот-наставник секогаш да ги земе предвид овие елементи претставува одлична професионална поддршка и задача што нема крај:

А. Кои се условите за подучување и учење?
Б. Кои се целите кои треба да си ги поставам и кои материјали треба да се изберат?
В. Како ги разбирам процесите на учење и кои форми на подучување ги избирам?
Г. Како може да се оценат резултатите?

Менторот му помага на студентот-наставник да изнајде решенија со поставување на овие основни прашања. Најчесто, поставувањето прашања е најефективен начин за изнаоѓање креативни решенија отколку кои било насоки дадени од други.

А. Услови за подучување и учење

Додека го подготвува наставниот час, на наставникот му е потребна јасна слика на карактеристиките и условите за учење, на одделението како целина и на самите ученици поединечно. Важно е да се разберат учениците и нивните индивидуални разлики: опсегот и варијациите на нивните вештини и способности, нивните силни и слаби страни, нивните верувања, ставови и интереси.
Од друга страна, пак, наставникот ќе ги појасни условите за учење во одделението спрема наставните цели што ги има предвид. Од друга страна, пак, при избор на целите и содржините, наставникот ќе се потпре на сопственото познавање на карактеристиките на учениците-поединци и на целото одделение.
Со идентификување на условите за учење се комплетира првиот дел на прелиминарните појаснувања. При понатамошно планирање, наставникот мора да ги земе предвид и општите услови во кои ќе се одвива подучувањето. Ова е клучно, особено за студентот-наставник кој не е запознаен со одделението и училиштето.

Клучни прашања за да се размисли за условите за подучување и учење:

- Кои знаења и вештини учениците веќе ги имаат?
- Кои знаења и вештини ги имам јас?
- За кои надворешни услови треба да бидам свесен/а?
- Што знам за учениците како индивидуи?
- Кои елементи на знаење и информации учениците мора да ги имаат со цел да ја сработат новата задача што им претстои?
- Кои техники на работа и учење ги очекувам од учениците?
- Кои искуства ги имаат со различни наставни методи и форми на социјална интеракција?
- На кои позитивни или негативни ставови, навики, предрасуди или обвинувања можам, или морам, да очекувам да наидам?
- Како да ги надминам тешкотиите во учењето, бариерите и отпорот кон учењето?

Б. Поставување цели и избирање материјали

Наставниците постојано треба да ги оправдуваат своите постапки: Кои се причините за избирање одредени цели или содржини? Утврдувањето на наставната цел и избирањето содржини вклучува носење извршна одлука во однос на подучувањето. Во многу наставни програми постојат опции и можности за носење одлуки. Особено кога наставната програма се темели на компетенции, содржината може значително да варира, па така наставниците треба да умеат добро да изберат. Со други зборови, целите не треба само да се препишат или прилагодат, ниту пак треба само догматски да се наметнат. Напротив, до нив треба да се стигне со внимателно поставување прашања и да се изберат врз основа на разумно расудување и оправданост. Кога наставникот прави намерен избор на содржини и цели за подучување, тогаш рефлектира за сопствената одлука во низа поширокі контексти. Оваа задача е исклучително значајна бидејќи бројот на можни содржини за подучување е бесконечен, а времето за планирање и подучување е ограничено.

Следните клучни прашања се наменети да ве водат и да ви помагаат во оваа сложена задача за избор и подготовка на наставни содржини.

Клучни прашања за поставување цели и избирање материјали:

Поставување цели (одредишта):

- Кои цели сакам да ги постигнам?
- Кои компетенции ќе бидат најважни на крајот на часот?
- Дали се погрижив целите да им служат на главните интереси и потреби на моите ученици?
- Кои цели треба да бидат постигнати од сите ученици?
- Дали треба да се дефинираат посебни нивоа на знаења за ученици-поединци (согласно индивидуалната способност)?
- Дали им помогнав на учениците да преминат од знаење во дејствие?
- На што се фокусирам додека подучувам - когнитивна, лична или општествена компетенција?
- Дали јасно и експлицитно ги кажав целите?

Избирање содржини и материјали:

- Која содржина ја избрав?
- Кои се причините за мојот избор?
- Дали мојот избор на содржина се согласува со наставната програма?
- Кои аспекти од содржината се интересни за моите ученици?
- На кој начин учењето во училиште е поврзано со учењето надвор од него?
- Дали постои поврзаност помеѓу содржината и реалниот живот?
- Дали имам општо знаење за содржината?
- Кои наставни материјали се достапни за специфични аспекти на содржината?
- Дали ќе постои можност и момчињата и девојчињата да се потпрат на своите искуства?
- Дали избраната содржина е интересна за мене?

В. Водење на процесите на учење и избирање форми на подучување

Иницирањеиподдршканапроцеситенаучењекајученицитеееднаоднајфасцинантните задачи што наставничката професија може да ги понуди. Помагајќи им на студентите-наставници да го разберат ова, менторот пушта искра која во нив ја разгорува љубовта кон професијата. Ако наставникот нема доволно јасна идеја за процесите на учење во кои учениците треба да се ангажираат за да се постигнат посакуваните цели, наставникот нема да биде во состојба соодветно да ги испланира начините на работа и поставките на активностите за подучување и учење, задачите и методите на работа. Оној што посветува време и заложби да се запраша како поединците учат најдобро ќе прерасне во експерт за учење. Кон тоа треба да целат студентите-наставници.

Клучни прашања за водечки процеси на учење и избирање форми на подучување:

- Кои процеси на учење ќе им овозможат на учениците да ги постигнат целите?
- Како можам да им помогнам на учениците целосно да ги усвојат (стекнат), разберат (преработат) и запомнат (складираат) новите информации?
- Дали формата на учење ги охрабрува учениците да ги применат новостекнатото знаење и вештини на нови задачи?
- Дали планираната образовна средина или секвенца примарно се фокусира на апсорпција, процесирање и складирање информации или на преносни задачи?
- Дали планирајќи ја оваа секвенца ги зедов предвид условите за учење?
- Дали главната цел на процесот за учење што го испланирав е учениците да изградат структури на значење, да стекнат вештини и да развијат ставови?
- Дали создадов правила за соодветни форми на подучување и учење за да ги постигнам овие цели:

    - со дејствие (преку активност, произведувајќи или формирајќи нешто, итн.)?
    - со размислување (преку умствено експериментирање, преку „креирање“ нови перцепции)?
    - со набљудување?
    - со вербално подучување (лекција, презентација, раскажување приказни, итн.)?
    - со инструкции, помош и соработка?
    - со дискусија и дебата?
    - со создавање пишана документација (извештај, дневник на ученикот и сл.)?
    - со одреден медиум?
    - со специфични настани во реалниот живот и искуството?
    - со експеримент, процес на обиди и грешки?

Г. Оценување

За секое учење и подучување мора да се запрашаме: Како и зошто учениците мора да бидат оценети? Дали оценката е правична? Дали оценката го поддржува учењето и процесот на учење? Кои компетенции може да се оценат? Кое знаење е од централно значење?

Изричито предлагаме да се направи разлика помеѓу оценката за културата на демократија и општата оценка за предметната содржина. Културата на демократија се оценува преку компетенциите и дескрипторите. Нивната видливост покажува дека учениците станале сè поупатени во демократските рутини и ги спровеле во нивното секојдневие во училницата и училиштето, како и во нивното соседство и во семејството. Кога станува збор за оценување на напредокот на ученикот, најважната одлука што

треба да ја донесе наставникот е која форма на оценување да ја користи!
Во оценувањето, ова е еден од најважните професионални чекори што студентот-наставник треба да ги преземе! Треба да се појасни дека ако наставниците го оценат постигнувањето во текот на процесот на учење, а не по него (формативно оценување), оценувањето ќе функционира како олеснувач на учењето и ќе доведе до подобри резултати. Најчесто наставниците веруваат дека само тестот на крајот на процесот на учење ја дава реалната оценка. Ова е огромна грешка. Токму затоа, студентот-наставник мора да ги знае и разбере сите три форми на оценување преку добра практика на менторот на неговиот или нејзиниот час.

а) Оценување на процесите на учење (формативно)

Оваа перспектива служи за да се подобри, контролира и провери процесот на учење на ученикот или активностите на ученикот и наставникот за постигнување одредена цел.

б) Оценување на постигнувањата во учење (сумативно)

Во одреден момент, заклучна оценка ги сумира знаењето и вештините кои ги постигнал ученикот. Нејзината главна цел е, на пример, да ги информира родителите на ученикот за нивото на учинокот, но не го поддржува резултатот и процесот на учење!

в) Прогностичко оценување

Овој вид го зема предвид идниот развој на ученикот. Во различни фази во текот на школувањето на ученикот, луѓето вклучени во образовниот процес на ученикот (ученици, наставници, родители, во одредени случаи школски психолози и управа) препорачуваат како ученикот би требало да го продолжи школувањето.

Клучни прашања за оценување

Процес на учење на учениците:

- Како се препознава и оценува успешното учење?
- На кој начин се применува самооценување и оценување од другите?
- Како да се осигурам дека учениците ги постигнале целите?
- Дали учениците редовно постигнувале успех додека учеле?
- Дали се свесни за постигнатиот напредок?
- Дали моето подучување им дава на момчињата и девојчињата еднакви шанси за успех?
- Дали учениците го следат и подобруваат сопственото учење и работно однесување?
- Дали учениците можат сами да го следат и оценат сопственото учење и резултатите?
- Дали го забележувам напредокот кај ученикот-поединец?
- Како да ја набљудувам социјалната интеракција на часот?

Процес на учење на наставниците:

- Како, кога и со кого рефлектирам за моето подучување?
- Како им дозволувам на учениците да ме оценат?
- Како ги поврзувам успесите или неуспесите на моите ученици со моето подучување?
- Како го препознавам мојот напредок во подучувањето и како учам како (обучуван) наставник?

2. Вклучувајќи ги сите ученици: Четири клучни методи:

Учењето во училница и училишниот живот се дел од доживотното учење. Учењето за демократија и човекови права (во сите ситуации поврзани со учење и по сите училишни предмети) треба да се усклади со демократски методи на подучување и учење. И менторот и студентот-наставник треба да бидат свесни за моќниот сигнал што доаѓа од практиката во училница. Поради тоа подучувањето станува дистинктивна форма на образовна активност којашто цели да ги опреми младите со потребните компетенции за да учествуваат како активни граѓани и како таква користи и предизвикува дистинктивни форми на учење. Наставниците треба одлично да ги познаваат овие форми на учење и да умеат да ги применат во практика во различни средини. Менторот е оној којшто ги има вештините да му покаже и објасни на студентот-наставник за тоа како тој/таа ги спроведува овие пристапи.

Треба да се разберат овие различни форми:

1. Индуктивен

Презентирање конкретни проблеми коишто учениците треба да ги решат или за кои треба да донесат одлука и поттикнување тоа да го применат во други ситуации – наместо да се почнува од апстрактни концепти.

2. Активен

Поттикнување учениците да учат преку практична работа, наместо да им се кажува или „соли памет".

3. Релевантен

Осмислување активности за учење поврзани со реални ситуации во училишниот живот, заедницата или поширокиот свет.

4. Колаборативен

Користење групна работа и кооперативно учење.

5. Интерактивен

Подучување преку дискусија и дебата.

6. Критички

Поттикнување на учениците сами да размислуваат со тоа што се бара од нив да ги споделат сопствените мислења и погледи и им се помага да развијат вештини за аргументирање.

7. Партиципативен

Им се дозволува на учениците самите да придонесат кон нивното учење, на пример, со предлагање теми за дискусија или истражување или со оценување на сопственото учење или учењето на нивните соученици.

За понатамошна заедничка дискусија и поддршка помеѓу менторот и студентот-наставник, овде ќе бидат опишани пет особено важни алатки на многу практичен начин:

Клучен метод 1: Учење засновано на задачи
Клучен метод 2: Кооперативно учење
Клучен метод 3: Водење пленарни дискусии
Клучен метод 4: Преиспитување на редот и дисциплината од демократска гледна точка
Клучен метод 5: Блумова таксономија - активно учење за сите

Клучен метод 1: Учење засновано на задачи (УЗЗ)

Како да го потпомогнете учењето со поставување задачи

Интерактивното подучување и учење игра клучна улога во повеќето активности предложени во овој прирачник. Целите на интерактивното подучување се когниција (т.е. размислување и разбирање), учење и дејствие. Секоја фаза од планирање на часовите, следење на задачите, евалуација на резултатите и рефлектирање за целиот процес има голем скриен потенцијал за учениците.

Основниот пристап за интеграција на размислувањето и практичната работа има импликации врз целиот процес на учење. Тоа не значи дека активното постапување со целите на учење е ограничено на прелиминарните фази на „вистинско" учење, кое се сфаќа како вклучување само на умот на учениците. Напротив, интеграцијата на учењето и практичната работа им дава на сите ученици јасна идеја за тоа зошто учат преку практика: имаат задача што треба да ја сработат, а за тоа се потребни многу способности и вештини. Кај овој вид подучување, ученикот мора да ги дефинира своите потреби за учење во секоја новонастаната ситуација. На учениците тогаш им се потребни и инструкции од наставникот, што значи дека тие му поставуваат на наставникот задачи, а не обратно. Учењето засновано на задачи (УЗЗ) произведува идеални комбинации на констуктивистичко учење и учење со инструкции.

Кај УЗЗ, учениците се соочуваат со проблеми што сакаат да ги решат. Учењето само по себе не е крај, туку води до нешто корисно и значајно. Учениците учат истражувајќи начини за да решат проблем, поставувајќи си на себе и на наставникот задачи кои го поплочуваат патот кон решението на проблемот. Училиштето е живот. Истото важи и за учењето засновано на задачи. Многу ситуации од реалниот живот се состојат од обиди за изнаоѓање решенија на проблеми. УЗЗ ги подготвува учениците за животот со тоа што создава ситуации од реалниот живот како поставки во кои се случува стекнувањето компетенции.

УЗЗ следи шема што може да се опише во главни црти. Ако наставникот се придржува до оваа шема потенцијалот за учење преку практична работа, односно, активно учење, ќе почне да се развива речиси спонтано.

Елементи на учење засновано на задачи:

Учениците се соочуваат со задача што треба да се реши (претставена или од наставникот или од учебник).

Учениците планираат како ќе дејствуваат.

Учениците го спроведуваат нивниот акциски план.

Учениците рефлектираат за процесот на учење и ги презентираат резултатите.

Важно е учениците да ги искусуваат принципите на УЗЗ често и во различни контексти. Добра задача којашто дава многу проблеми што треба да бидат решени е најдоброто средство да создадете продуктивна и возбудлива средина за учење.

Клучен метод 2: Кооперативно учење

Како да го потпомогнете учењето помагајќи си еден на друг

Оваа форма на подучување не значи едноставно да им се дозволи на учениците да работат во групи со надеж дека работата некако ќе се заврши. Кооперативното учење се фокусира на постигнувањето на учениците.

Јасната распределба на улогите помеѓу членовите од групата е предуслов за успешно подучување според кооперативниот модел. Се распределуваат и практикуваат формални задачи што овозможуваат еднаков статус меѓу членовите и тоа води кон успешно учење.

Јасно е дека не секоја задача е соодветна за оваа форма на учење. Меѓутоа, тука не се мисли на поларизиран однос со форми на кооперативно учење проткаени со подучување предводено од наставникот. Кај овој модел на подучување, наставникот има јасна и значајна улога. Успехот на кооперативното учење, како што покажуваат многу споредби на часови, зависи од неколку основни елементи.

Како да се организира група:

Секој од групата добива една од следните улоги:

Модератор: Се грижи сите членови од групата да ја разберат задачата и е говорник на групата.

Репортер: Ја организира презентацијата на крајниот производ.

Менаџер за материјали: Се грижи потребните материјали да бидат достапни и на крај сѐ да се среди и исчисти.

Организатор: Се грижи групата да управува добро со времето и проверува дали групата се држи до распоредот. Се грижи групата разумно да го испланира правецот на дејствување на самиот почетокот на задачата и да го прилагоди овој план соодветно на тоа.

Медијатор: Ги решава сите проблеми во групата.

Правила:

1. Некои членови од групата имаат посебни задачи/улоги, но секое лице е одговорно за целиот процес и за резултатите на групата.
2. Ако треба да му се постави прашање на наставникот, тогаш целата група треба да одлучи кое прашање ќе му се постави. На овој начин, групата ги формулира сите прашања колективно. Наставниците не одговараат на поединечни прашања во текот на групниот процес.
3. Секоја група е одговорна за презентацијата. Секој член на групата е одговорен за давање одговор на кое било прашање.
4. Наставниците кои често работат со кооперативниот метод велат дека честопати е логично учениците да ги задржат улогите подолг временски период. Ова им дава одредена сигурност, го забрзува учењето и го подобрува учинокот на групата.

Клучен метод 3: Одржување пленарни сесии

Како да го потпомогнете учењето преку дискусија и критичко размислување

Предводени од наставникот, учениците ги споделуваат размислувањата и идеите. Тоа е сè. Поставката е едноставна. Потребна е табла или флипчарт, но задачата на наставникот не е едноставна. Сократовите дијалози на Платон ја означуваат долгата традиција на овој начин на подучување бидејќи Сократ се фокусирал на проблематизирање и деконструирање на погрешните или догматските погледи на соговорникот.
Учениците се ангажираат во процес на размислување и интерактивно конструктивистичко учење. Наставникот им помага. Општо кажано, мислењето е заложба да се поврзе конкретното со апстрактното. Пленарните сесии ја тренираат и зајакнуваат способноста за размислување на учениците. Мислењето е процес за кој е потребно време. Внимателните ученици честопати се бавни мислители. Критичарите со право ја истакнуваат слабоста на оваа форма: се применува пречесто и предолго; наставниците поставуваат прашања за кои учениците не се заинтересирани и на кои не можат да одговорат; наставниците играат улога на груб сократов вид, третирајќи ги учениците како лица со помала вредност од кои се очекува да дадат онаков одговор каков што наставникот сака да слушне. Но, ако се користат разумно и со соодветна доза на практика, пленарните сесии се едни од најмоќните и најфлексибилните, а и најнеопходните, форми на учење. Следниов список дава краток преглед на потенцијалот за учење и го советува наставникот за тоа што треба да прави, а што да избегнува.

Улогата на учениците во пленарните дискусии:

Учениците

- влегуваат на сесијата со одредена експертиза – на различни нивоа. Се интересираат за темата на дискусија;
- знаат дека нивниот придонес е добредојден: не се ставаат оценки за „погрешни“ идеи или предлози;
- го имаат поголемиот дел од времето за зборување;
- имаат различни потреби за учење (на пример: „бавни мислители“ – „брзи говорители”).

Улогата на наставниците во пленарните дискусии:

Наставникот

- комуницира со одделението и е подготвен да реагира на сè што кажуваат учениците;
- целосно ја разбира темата и има јасна идеја за исходот на сесијата;
- ја води пленарната сесија, но не доминира, одземајќи само мал дел од времето за зборување;
- им дава на учениците доволно време за размислување;
- активно слуша без да фаќа белешки, „разоткривајќи“ идеи коишто учениците ги навестуваат;
- ги охрабрува учениците да учествуваат и им се обраќа на учениците кои имаат тенденција да молчат;
- има улога на мерач на време, менаџер на група, менаџер на процес;
- ѝ дава структура на дискусијата со користење на таблата (или подобро, флипчартот), нудејќи слики, симболи, примери, информации, концепти и рамки;
- ги препознава потребите за учење на учениците и реагира на тоа соодветно.

Потенцијалот за учење кај учениците за време на пленарните дискусии:

Учениците

- искусуваат како се одвива процесот на мислење: поставувајќи прашања, внимателно размислувајќи за одговорите, поврзувајќи го конкретното со апстрактното и обратно.
- ги споделуваат нивните критериуми за оцена и рефлектираат за причините за избор на тие критериуми.
- треба да го доживуваат нивното одделение како микрозаедница во која се поттикнати да учествуваат.
- се гледани како експерти (за да се зајакне нивната самодоверба)
- се во состојба да проценат по разгледување контроверзни ставови.

Што треба да се избегнува во текот на пленарните дискусии:

- Треба да се избегнува поставување прашања чии одговор е да/не, зашто веднаш потоа ќе треба да го поставите следното прашање. Поставувајте отворени прашања. На тој начин последователните прашања ќе бидат позбиени и поодредени.
- Избегнувајте да бидете вовлечени во дискусија само со еден или двајца ученици. Наместо тоа, поставете ги нивните прашања на одделението.
- Избегнувајте да ги заобиколувате или игнорирате изјавите на учениците кои ве фаќаат неподготвени. Тие може да се најинтересните! И тука вклучете го одделението.
- Нема потреба да ја коментирате секоја изјава на учениците со која се сложувате или не се сложувате.
- Избегнувајте да ја ограничувате вашата улога прозивајќи ги учениците спрема редоследот по кој кренале рака. Многу често, учениците се осврнуваат на различни аспекти и поттеми, па дискусијата може да стане конфузна или хаотична. Поради оваа причина, преземете иницијатива и одлучете или предложете на која тема да се фокусираат најпрво. Истакнете ја дилемата дека времето и концентрацијата се премногу ограничени за да може да дискутирате за сè.

Клучен метод 4: Реобмислување на дисциплината од демократска гледна точка

Во некои училници постои недоразбирање кога станува збор за демократските пристапи на подучување и учење. Дали ми е дозволено да давам јасни инструкции, да поставувам временски ограничувања, да бидам лидер?, се запрашуваат некои наставници. Дали е демократски ако сакам да имам јасни правила за учење, однесување и соработка? Да, демократски е, ако ѝ служи на целта на учење за сите! Демократија значи владеење на правото. Значи, дисциплината и редот се важни, но од демократска гледна точка. Ако се поддржат студентите-наставници да ги воспостават, тоа ќе им помогне да станат компетентни лидери, наместо авторитативни владетели. Подолу се наведени неколку важни совети:

- Редот е неопходен во секакви околности. Група без ред и основни правила не може да биде демократска.
- Неопходни се ограничувања и граници. Правилата може да се погрешни или несоодветни. Но, сè додека не бидат заменети со други мора да се почитуваат. Меѓутоа, мора да постои можност да се променат.
- Од самиот почеток, учениците треба да учествуваат во поставување и спроведување правила. Само на овој начин е можно тие да научат да се идентификуваат со правилата.
- Заедницата во училница не може да функционира без заемна доверба и почит. Во одредени случаи може да е тешко да се создаде таква атмосфера.
- Тимскиот дух мора да го замени натпреварувањето во училницата.
- Пријателската атмосфера е од клучно значење.
- Социјалните вештини на наставникот имаат суштинско влијание (демократско лидерство, развивање чувство на припадност кон групата, градење односи и сл.)
- Групната комуникација е постојана потреба во едно демократски предводено одделение.
- Учениците, и момчиња и девојчиња, мора да бидат охрабрени да истражат нешто ново и да учат од грешките.
- Во рамките на поставените ограничувања, мора да постои можност за остварувања на слободите. Само на тој начин е можно да се развие индивидуална одговорност.
- Учениците ќе се придржуваат и ќе ги почитуваат правилата и дисциплината ако овие му помагаат на секој поединец да се изрази себеси и ако ѝ помагаат на групата да развие задоволителни односи и работни услови.

Клучен метод 5: Блумова таксономија - Активно учење за сите!

Користењето на Блумовата таксономија за подготовка на задачи за учење го олеснува појаснувањето на целите на учењето и развојот на активности во училница за секој ученик на секоја возраст. Наставниците може да ја користат Блумовата таксономија дури и за да им помогнат на учениците да постават очекувања од самите себеси. Глаголите кои означуваат активност се наведени во центарот.

Категории	I. Помнење	II. Разбирање	III. Применување	IV. Анализирање	V. Евалуирање	VI. Креирање
	Посочете на претходно изучен материјал, потсетувајќи се на факти, термини, основни концепти и одговори.	Покажете разбирање за фактите/идеите, организирајќи, споредувајќи, толкувајќи, давајќи описи и наведувајќи ги главните идеи.	Решавајте ги проблемите во новонастанатите ситуации, применувајќи го веќе стекнатото знаење, факти, техники и правила на различен начин.	Разгледајте ги информациите и разбијте ги на делови препознавајќи ги мотивите и причините. Донесете заклучоци и пронајдете докази со кои се поткрепуваат генерализациите.	Презентирајте и бранете мислења проценувајќи ги информациите, валидноста на идеите или квалитетот на работата врз основа на поставените критериуми.	Составете ги информациите заедно на различен начин, комбинирајќи елементи според нова шема или предлагајќи алтернативни решенија.

Глаголи	• избира
	• дефинира
	• пронаоѓа
	• означува
	• набројува
	• поврзува
	• именува
	• се потсеќа
	• поврзува
	• селектира
	• покажува
	• спелува
	• кажува
	• Наведи:
	  • што
	  • кога
	  • каде
	  • кој/-а/-е
	  • зошто
		• класифицира
		• споредува
		• разликува
		• покажува
		• објаснува
		• проширува
		• илустрира
		• толкува
		• прави краток преглед
		• поврзува
		• преформулира
		• покажува
		• резимира
		• преведува
			• применува
			• изработува
			• избира
			• конструира
			• развива
			• експериментира со
			• препознава
			• интервјуира
			• искористува
			• моделира
			• организира
			• планира
			• селектира
			• решава
			• користи
				• анализира
				• претпоставува
				• категоризира
				• класифицира
				• споредува
				• носи заклучок
				• разликува
				• открива
				• сецира
				• препознава
				• поделува
				• испитува
				• функционира
				• извлекува заклучок
				• прави преглед
				• набројува
				• мотивира
				• поедноставува
				• анкетира
				• учествува во
				• тестира
					• се согласува
					• вреднува
					• проценува
					• наградува
					• избира
					• споредува
					• склучува
					• поставува критериуми
					• критикува
					• одлучува
					• брани
					• одредува
					• проценува
					• евалуира
					• објаснува
					• влијае
					• толкува
					• проценува
					• оправдува
					• означува
					• мери
					• согледува
					• приоретизира
					• докажува
					• препорачува
					• селектира
					• поддржува
					• вреднува
						• прилагодува
						• изработува
						• изменува
						• избира
						• комбинира
						• собира
						• составува
						• конструира
						• креира
						• брише
						• проектира
						• развива
						• дискутира
						• елаборира
						• проценува
						• формулира
						• замислува
						• унапредува
						• пронаоѓа
						• максимизира
						• минимизира
						• променува
						• планира
						• предвидува
						• предлага
						• решава
						• претпоставува
						• тестира

IV. Култура на демократија во училниците

1. Што претставуваат компетенциите за демократска култура?

Советот на Европа ја разви Референтната рамка на компетенции за демократска култура којашто треба да се прилагоди за употреба во основните и средните училишта, во високото образование и институциите за стручна обука ширум Европа, како и во националните наставни планови и програми.

Моделот со 20 компетенции, развиен во рамките на Проектите за демократија на Советот на Европа, опишува како демократските вредности се спроведуваат во училиштата и во секојдневието. Во секоја ситуација поврзана со подучување и учење, некои од овие елементи се видливи. Во секоја училница повеќето од нив се веќе спроведени, но ние како наставници честопати не сме свесни за нив.

На студентите-наставници треба да им се помогне да ги разберат елементите и да научат да препознаат што се случува во нивната училница во однос на развојот на компетенциите за сите ученици да станат дел од демократското општество.

20 компетенции вклучени во моделот

2. Потреба за дескриптори на компетентност

Демократската култура се потпира на граѓаните со вредности, ставови, знаење и критичко разбирање опишани во гореопишаниот модел на компетентност. Соодветно на тоа, рамката овозможува детални дескриптори за секоја од 20 компетенции. Овие дескриптори помагаат секоја компетенција да стане видлива, истовремено овозможувајќи корисна алатка со која се набљудува подучувањето и учењето; помагаат да станат видливи скриените компетенции, но и да се планира за нив (види образец за набљудување 3 за тоа како да се набљудува демократската култура во одделението преку компетенции и соодветни дескриптори).
Дескрипторите на компетентност се искази коишто опишуваат набљудувани однесувања што се покажуваат кога лицето има постигнато одредено ниво на некоја компетенција. Ова е важно за развојот на демократијата бидејќи кога гледаме примена на компетенциите и дескрипторите во училниците и секојдневието, знаеме дека општеството не е само демократија на хартија, туку постојат реални дејствија и резултати. Училницата е важно место за обука за оваа цел: на училиште и во училница самите ученици искусуваат демократија во акција како нормална секојдневна рутина. Не само што ве снабдуваме со компетенциите и дескрипторите, туку и со цела „градина на компетенции" (види ја последната страница од овој прирачник). Вие и сите останати клучни играчи можете да го искористите овој постер за да создадете профил на вашето одделение, училиште, персонал итн. Подолу објаснуваме како ова може да се направи. Следните 135 дескриптори може да се користат како список за најразлични цели и клучни играчи:

- **Како наставник,** редовно рефлектирате за вашата наставна практика и за дејствијата на учениците и нивниот развој.
  - Кои компетенции стануваат сè повеќе видливи?
  - Каде гледате дека постојат силни страни општо земено, но и кај кои ученици-поединци?
  - Каде е потребна понатамошна обука? Како тоа да го испланирате?

- **Како ментор,** пружате поддршка за студентот-наставник да стане свесен за секојдневната реалност на демократската култура во вашата училница, поминувајќи заедно со него/неа низ списокот.

- Вашиот **студент-наставник** го користи списокот на компетенции и дескриптори за да се запознае со набљудувањето на спроведената демократија во училницата.

- **Постерот за компетенции на последната страница** на овој прирачник во комбинација со списокот на дескриптори е фантастична можност да се стекне подлабоко разбирање за реалната демократија во секој дел од општеството, почнувајќи во училницата.

  - Отпечатете го постерот за да го користите за одредени набљудувања.
  - Изберете одделение што сакате да го набљудувате и анализирате, користејќи ги дескрипторите како алатки за набљудување (ова е и алтернатива на образецот што го предлагаме подолу).
  - Движете се по „градинарските камења" (компетенции) и потоа обидете се да дознаете кои дескриптори сте ги набљудувале. Можете и малку да ги прилагодите. Ретко се случува дескрипторот да се применува токму онака како што е напишан.

2.1 Вредности

1. Вреднување на човечкото достоинство и човековите права

2. Тврди дека конкретни права на децата треба да бидат почитувани и заштитени од општеството
3. Го брани ставот дека никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечки или понижувачки третман или казна
4. Тврди дека сите јавни институции треба да ги почитуваат, заштитуваат и да ги спроведуваат човековите права
5. Го брани ставот дека затворениците, иако се подложени на ограничувања, не значи дека се помалку заслужни за почит и достоинство од кој било друг
6. Изразува мислење дека сите закони треба да бидат во согласност со меѓународните норми и стандарди за човекови права

2. Вреднување на културната разноликост

7. Го промовира гледиштето дека треба да бидеме толерантни кон различните верувања што ги имаат другите во општеството
8. Го промовира гледиштето дека секогаш треба да се стремиме кон заемно разбирање и дијалог меѓу луѓето и меѓу групите што се сметаат за „различни“ едни од други
9. Изразува мислење дека културната разновидност во општеството треба да биде позитивно вреднувана и ценета
10. Тврди дека интеркултурниот дијалог треба да се користи за да ни помогне да ги спознаеме нашите различни идентитети и културни припадности
11. Тврди дека интеркултурниот дијалог треба да се користи за да се развие почит и култура на „заедничко живеење“

3. Вреднување на демократијата, правдата, праведноста, еднаквоста и владеењето на правото

12. Тврди дека училиштата треба да ги учат учениците за демократијата и за тоа како да дејствуваат како демократски граѓани
13. Изразува мислење дека сите граѓани треба да бидат третирани еднакво и непристрасно според законот
14. Тврди дека законите секогаш треба бидат применети и спроведени праведно
15. Тврди дека демократските избори секогаш треба да се спроведуваат слободно и праведно, според меѓународните стандарди, националното законодавство и без измама
16. Изразува мислење дека кога јавен службеник применува моќ, не треба да ја злоупотребува таа моќ и да ги премине границите на своите законски овластувања
17. Изразува поддршка за гледиштето дека судовите треба да бидат достапни за сите и на луѓето да не им се одзема можноста да покренат судски случај бидејќи тоа е премногу скапо, проблематично или комплицирано
18. Изразува поддршка за ставот дека тие на кои им е доверена законодавната моќ треба да бидат подложни на законот и на соодветните уставни надзори
19. Изразува мислење дека информациите за јавните политики и нивното спроведување треба да бидат достапни за јавноста
20. Тврди дека треба да постојат ефективни мерки против дејствијата на јавните власти што ги прекршуваат граѓанските права

2.2 Ставови

4. Отвореност спрема другите култури

21. Покажува интерес за учење за верувањата, вредностите, традициите и за погледите на светот што ги имаат луѓето
22. Изразува интерес за патување во други земји
23. Изразува љубопитност кон други верувања и толкувања и други културни ориентации и припадности
24. Изразува благодарност за можноста да има искуства од други култури
25. Бара и прифаќа можности да среќава луѓе со различни вредности, обичаи и однесувања
26. Бара контакт со други луѓе со цел да научи за нивната култура

5. Почит

27. Дава простор за да се изразат другите
28. Изразува почит кон другите луѓе како еднакви човечки суштества
29. Кон сите луѓе се однесува со почит, без оглед на нивната културна припадност
30. Изразува почит кон луѓето што имаат поинаков социоекономски статус од сопствениот
31. Изразува почит кон религиозни разлики
32. Изразува почит кон луѓето што имаат поинакви политички мислења од сопствените

6. Граѓанска свест

33. Изразува подготвеност да соработува и да работи со другите
34. Соработува со други луѓе за цели од заеднички интерес
35. Изразува посветеност да не биде пасивен набљудувач кога се повредуваат достоинството и правата на другите
36. Дискутира што може да се направи за заедницата за таа да стане подобро место за живеење
37. Ги спроведува обврските и одговорностите на активно граѓанство на локално, национално или на глобално ниво
38. Презема дејствие за да остане информиран/-а за граѓанските прашања

7. Одговорност

39. Покажува дека прифаќа одговорност за своите постапки
40. Ако повреди нечии чувства, се извинува
41. Ја завршува зададената работа навремено
42. Покажува дека презема одговорност за сопствените грешки
43. Постојано ги исполнува обврските кон другите

8. Самоефикасност

44. Изразува верување во сопствената способност да ги разбере проблемите
45. Изразува верување дека може да ги изврши активностите што ги планирал/-а
46. Изразува верување во сопствената способност да ги надмине препреките кога се стреми кон одредена цел
47. Ако сака да се промени, изразува верување дека може да го стори тоа
48. Покажува дека се чувствува сигурен/-а во своите способности да се справи со животните предизвици
49. Покажува самоувереност дека знае како да се справи со непредвидливи ситуации поради својата снаодливост

9. Толеранција на различно мислење

50. Знае да разговара со луѓе што имаат различни погледи на светот
51. Покажува дека може да се воздржи од премногу брзи проценки за другите луѓе
52. Се чувствува удобно во непознати ситуации
53. Се справува со несигурност на позитивен и конструктивен начин
54. Работи добро во непредвидливи околности
55. Изразува желба да се соочи со предизвици кон сопствените идеи
56. Ужива во предизвикот да се соочи со нејасни проблеми
57. Изразува уживање во справувањето со ситуации што се комплицирани

2.3 Вештини

10. Вештини за самостојно учење

58. Покажува способност да ги идентификува ресурсите за учење (на пример, луѓе, книги, интернет)
59. Кога е потребно, бара разјаснување на новите информации од други луѓе
60. Може да учи за нови теми со минимално надгледување
61. Може да го процени квалитетот на сопствената работа
62. Може да ги избере најдобрите извори на информации или совети што ги има на располагање
63. Покажува способност за следење, дефинирање, приоретизирање и довршување на задачите без директно надгледување

11. Вештини за аналитичко и критичко размислување

64. Може да ги идентификува сличностите и разликите помеѓу новите информации и она што е веќе познато
65. Користи докази за да ги поддржи своите мислења
66. Може да ги процени ризиците поврзани со различни опции
67. Покажува дека размислува за тоа дали информациите што ги користи се точни
68. Може да идентификува недоследности или несогласувања во материјалите што ги анализира
69. Може да користи јасни и специфични критериуми, принципи или вредности за да направи проценка

12. Вештини за слушање и набљудување

70. Внимателно слуша различни мислења
71. Внимателно ги слуша другите луѓе
72. Ги гледа гестовите и говорот на телото на соговорникот за да си помогне себеси да го разбере значењето на она што го кажува соговорникот
73. Може ефективно да слуша со цел да ги протолкува значењата и намерите на друго лице
74. Обрнува внимание на она што го навестуваат другите, но не го кажуваат
75. Забележува како луѓето со друга културна припадност реагираат различно на иста ситуација

13. Емпатија

76. Може да препознае кога му е потребна помош на соговорникот
77. Изразува сочувство за непријатни работи што им се случуваат на другите луѓе
78. Се обидува подобро да ги разбере пријателите со тоа што замислува како изгледаат работите од нивна перспектива
79. Ги зема предвид чувствата на другите луѓе кога донесува одлуки
80. Изразува мислење дека кога размислува за луѓе од други земји, ги споделува нивните радости и таги
81 Точно ги препознава чувствата на другите, дури и кога тие не сакаат да ги покажат

14. Флексибилност и приспособливост

82, Ги модификува своите мислења ако му/ѝ е прикажано преку рационален аргумент дека тоа е потребно
83. Може да ги промени одлуките што ги донел/-а ако последиците од тие одлуки покажат дека тоа е потребно
84. Се приспособува на нови ситуации преку користење нова вештина
85. Се приспособува на нови ситуации преку применување знаења на поинаков начин
86. Ги усвојува социокултурните конвенции на други културни групи кога соработува со нив
87. Може да го менува сопственото однесување за да го направи соодветно за други култури

15. Јазични, комуникативни и повеќејазични вештини

88. Може да ги изрази своите мисли за одреден проблем
89. Бара од соговорниците да го повторат тоа што го кажале ако не му/ѝ било јасно
90. Поставува прашања што го покажуваат неговото/нејзиното разбирање за позициите на другите луѓе
91. Може да усвои различни начини на изразување учтивост на друг јазик
92. Може да посредува јазично во интеркултурни размени преку преведување, толкување или објаснување
93. Може успешно да избегне интеркултурни недоразбирања

16. Вештини за соработка

94. Гради позитивни врски со други луѓе во одредена група
95. Кога работи како член на група, го сработува сопствениот дел од работата
96. Работи на изнаоѓање консензус за постигнување на целите на групата
97. Кога работи како член на група, ги споделува со другите сите релевантни или корисни информации
98. Поттикнува ентузијазам меѓу членовите на групата за постигнување на заеднички цели
99. Кога работи со други, ги поддржува другите луѓе и покрај разликите во гледиштата

17. Вештини за решавање конфликти

100. Знае да комуницира со почит со засегнатите страни во конфликтна ситуација
101. Може да идентификува опции за решавање конфликти
102. Може да им помогне на другите да го решат конфликтот со тоа што им објаснува за подобро да ги разберат можните опции
103. Може да ги поттикне различните страни вклучени во конфликтот активно да се слушаат меѓусебно и да ги споделат нивните проблеми и грижи
104. Редовно иницира комуникација за да помогне во решавањето на меѓучовечките конфликти
105. Може ефикасно да се справи со емоционалниот стрес, анксиозноста и несигурноста на луѓето вклучени во конфликтна ситуација

2.4 Знаење и критичко разбирање

18. Знаење и критичко разбирање на себеси

106. Може да ги опише сопствените мотиви
107. Може да ги опише начините на кои мислите и емоциите влијаат врз сопственото однесување
108. Може критички да размислува за своите вредности и верувања
109. Може критички да се гледа себеси од повеќе различни перспективи
110. Може критички да размислува за сопствените предрасуди и стереотипи и за тоа што се крие зад нив
111. Може критички да размислува за своите емоции и чувства во широк опсег на ситуации

19. Знаење и критичко разбирање на јазикот и комуникацијата

112. Може да објасни како тонот на гласот, контактот со очите и јазикот на телото можат да помогнат во комуникацијата
113. Може да ги опише социјалното влијание и ефектите врз другите на различни стилови на комуникација
114. Може да објасни како социјалните односи понекогаш се кодирани во јазичните форми што се користат во разговорите (на пример, во поздрави, форми на обраќање, употреба на пцовки)
115. Може да објасни зошто луѓето со други културни припадности може да следат различни вербални и невербални правила на комуникација да следат различни вербални и невербални правила на комуникација што имаат смисла од нивна перспектива
116. Може критички да размислува за различните правила на комуникација што се применуваат во најмалку една поинаква социјална група или култура

20. Знаење и критичко разбирање на светот (вклучувајќи политика, право, човекови права, култура, култури, религии, историја, медиуми, економии, животна средина и одржливост)

117. Може да го објасни значењето на основните политички концепти, вклучувајќи демократија, слобода, граѓанство, права и одговорности
118. Може да објасни зошто секој има одговорност да ги почитува човековите права на другите
119. Може да ги опише основните културни практики (на пример, навики за јадење, начини на поздравување, начини на обраќање кон луѓето, учтивост) во друга култура
120. Може критички да размислува за тоа како неговиот/нејзиниот поглед на светот е само еден од многуте погледи на светот
121. Може да го оцени влијанието на општеството врз природата, на пример во однос на порастот на населението, развојот на населението, потрошувачката на природните ресурси
122. Може критички да размислува за ризиците поврзани со еколошката штета
123. Може да ја објасни универзалната, неотуѓива и неделива природа на човековите права
124. Може критички да размислува за односот меѓу човековите права, демократијата, мирот и безбедноста во време на глобализација
125. Може критички да размислува за основните причини за кршење на човековите права, вклучувајќи ја и улогата на стереотипи и предрасуди во процесите што водат кон злоупотреби на човековите права
126. Може да ги објасни опасностите од генерализација на цела култура поради нечие индивидуално однесување
127. Може критички да размислува за религиозни симболи, религиозни ритуали и религиозни употреби на јазикот
128. Може да ги опише ефектите што ги има пропагандата во современиот свет
129. Може да објасни како луѓето можат да се чуваат и да се заштитат од пропаганда
130. Може да ги опише различните начини на кои граѓаните можат да влијаат врз политиката
131. Може критички да размислува за природниот развој на рамката за човекови права и за тековниот развој на човековите права во различни региони од светот
132. Може да објасни зошто не постојат културни групи што имаат непроменливи својствени карактеристики
133. Може да објасни зошто сите верски групи постојано се развиваат и се менуваат
134. Може да размислува критички за тоа како историјата често е презентирана и проучувана од етноцентрична гледна точка
135. Може да ги објасни националните економии и како економските и финансиските процеси влијаат врз функционирањето на општеството

3. Како да се набљудува демократската култура во одделението преку компетенции и соодветни дескриптори

- Разберете ги сите 20 компетенции и 135 дескриптори
- Анализирајте го одделението користејќи ги компетенциите и дескрипторите: кои од нив се користат, покажуваат, усовршуваат?
- Обидете се да внимавате на времето помеѓу часовите, одморите, споредните дискусии. Кои компетенции и дескриптори се видливи?
- Пополнете го списокот со компетенции коишто сте ги набљудувале и запишете за секоја од нив кога била видлива за време на часот.
- Искористете го постерот „Компетенции за демократска култура" за да изработите профил на одделението, училницата, училиштето.

Видени компетенции и соодветни дескриптори (изберете од 20 компетенции на „пеперутката" и од списокот со 135 дескриптори)	Ситуација на учење во која се применуваат или усовршуваат компетенциите/дескрипторите.

4. Мои лични белешки:

5. Постер за откривање на компетенциите за демократска култура

Компетенции за демократска култура

20 компетенции за демократска култура и нивните 135 соодветни дескриптори коишто ќе ви помогнат да ги откриете силните страни и слабостите на демократската култура во училиштата и на други места.